ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**ОБЈАВА бр. 2/2024**
**за добивање право за поставување**
**на билборди и дигитални паметни рекламни паноа на територијата на град Велес, со електронско јавно наддавање**

**Согласно Одлука за утврдување на почетна цена за поставување на билборди и рекламни паноа на територијата на град Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 18/23) и Записникот од одржаната седница на Комисија за водење на постапка за поставување на билборди и рекламни паноа на територијата на град Велес од 17.01.2024 год.**

I. ПОДАТОЦИ ЗА ДОБИВАЊЕ ПРАВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА БИЛБОРДИ И ДИГИТАЛНИ ПАМЕТНИ СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМНИ ПАНОА

ПРЕДМЕТ НА ОБЈАВАТА

**I.1.** Предмет на оваа објава е добивање право за поставување на рекламни билборди и дигитални паметни рекламни паноа на територијата на град Велес, по пат на електронско јавно наддавање (во понатамошниот текст –билборди).

Локациите и бројот на билборди се утврдени во Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град на Велес со бр. 25-4864/18 од 28.11.2023 година.

Поставувањето на билборди и дигитални паметни рекламни паноа ќе зависи од просторот/ локацијата на која треба да бидат поставени и можат да бидат различни со цел да не се попречува сообраќајот и движењето на пешаците. За видот и големината ќе биде изготвен посебен елаборат од страна на најповолниот понудувач, на кој согласност дава Општината.

Предметот на објавата- 2 (два) пакета каде што секој пакет претставува посебен дел.

Правото за поставување на билборди на територијата на град Велес, за кои се издава одобрение за поставување и се склучува договор.

Како и правото за поставување и рекламирање на дигитални паметни рекламни паноа поставени на електрични метални столбови со висина од 9 метри на територијата на град Велес.

**ОПШТ ОПИС И МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЦИИТЕ:**

Локациите за поставување на билбордите се дефинирани со вкупен број 45 и се определуваат во **Пакет 1.**

**-Местоположбата на локациите за поставување на билбордите ќе бидат прикачени со објавата на интернет страницата www.e-stvari.mk**

Локациите за поставување на дигитални паметни реклами паноа се дефинирани со вкупен број 27 и се определуваат во **Пакет 2.**

-Местоположбата на дигитални паметни рекламни паноа поставени на електрични метални столбови со висина од 9 метри на територијата на град Велес ќе бидат прикачени со објавата на интернет страницата www.e-stvari.mk

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНОТО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ

**Правото за поставување на билбордите се определува за период од 5 (пет) години(2024-2029).**

- Почетна цена за **Пакет 1**. изнесува **1.000.000 денари годишно.**
- Почетна цена за **Пакет 2**. изнесува **300.000 денари годишно.**

**Понудената цена за добивање право за поставување на билбордите и дигитални паметни рекламни паноа од страна на понудувачот треба да биде изразена во денари.**

НАПОМЕНА:

**Плаќањето на годишната закупнина ќе се врши врз основа на доставена фактура од страна Општина Велес.**

**Плаќањето на закупнината за ПРВАТА ГОДИНА, најповолниот понудувач го извршува во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, додека за наредните години, плаќањето ќе се врши однапред за целата година но не подоцна од 15-ти Мај за тековната година.**

**Понудувачот кој ќе го добие правото за поставување, покрај цената која е постигната со електронско јавно наддавање, должен е на сметка на општината да уплаќа и годишна комунална такса од 1.200,оо денари по билборд, како и надоместок за приклучок на потрошена електрична енергија за дигитално паметните рекламни паноа, односно, за билборди доколку постави осветлување на истите.**

**Условите за предвремено раскинување на договорот за поставување на билборди, ќе бидат прецизирани во договорот.**

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои што ги исполнуваат условите дадени во објавата.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Постапката за добивање право за поставување на билборди и дигитални паметни рекламни паноа со електронско јавно наддавање ќе се спроведува преку електронски систем за јавно наддавање.

Јавното електронско наддавање ќе се одржи на ден **12.02.2024 год.** (понеделник) и тоа за:

**I.1.1**.Јавното електронско наддавање за **ПАКЕТ 1** ќе започне на 13.02.2024, во 09:00 **часот.**

**I.1.2.**Јавното електронско наддавање за **ПАКЕТ 2** ќе започне на 13.02.2024, во 10:00 **часот.**

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДУВАЧОТ ОД 2% ОД ПРОЦЕНЕТАТА ВРЕДНОСТ**

-Банкарската гаранција за сериозност на понудата е во висина од 2% од проценетата вредност на пакетот:

**I.1.1** за ПЕКЕТ **1** банкарската гаранција изнесува **20.000 ден.**

**I.1.2** за **ПАКЕТ 2** банкарската гаранција изнесува **6.000 ден.**

-Покрај електронската достава на банкарската гаранција во скенирана верзија на оригиналот PDF формат, подносителот на понудата/пријавата за учество е должен истата да ја достави и во писмена форма (во оригинал) на адресата на Општина Велес ( со назнака: до Комисијата за за водење на постапка за поставување на билборди и рекламни паноа на територијата на град Велес).
-Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена форма на наведената адреса ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.
-Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута, од банка која што работи и врши банкарски активности во Република Македонија, а времетраењето на банкарската гаранција треба да изнесува најмалку 30 дена, сметано од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавата.
- Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање."

**ПОСТАПКА**

Начин и постапка за спроведување на јавното наддавање:
- Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на недвижната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на недвижната и движната ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.
- Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда. Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање,

Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени јавни наддавања спроведени преку овој систем, за него сеуште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделени заради негово учество во претходните постапки и тоа на ниво на целиот систем (учество во постапка која ја спроведувала било која општина).

Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско наддавање. За да може да поднесе Пријава за учество заедно со доказите утврдени во објавата, секое физичко и правно лице треба претходно да се регистрира на страната e-stvari.mk.

Документите потребни кон пријавата за електронското јавно наддавање се следниве:

1. Пријава за учество

2. Изјава со којашто ги прифаќаат условите што се дадени во Објавата.

3. Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2 % од запишаната почетна цена, за учество на јавното наддавање. Покрај електронски банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал да се достави до Комисијата на денот кога се доставува комплетната документација.

4. Доказ за идентитет за правни лица:

- тековна состојба од Централен регистар на Р.М. – не постара од шест месеци (за правни лица);
- извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа (за странски правни лица);

5. Доказ за идентитет на физички лица:

- лична карта или патна исправа;

6. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната e-stvari.mk на која што ќе се одвива електронското наддавање.

Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, Комисијата во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

**РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Пријавите за учество на јавното наддавање се доставуваат најдоцна до 06.02.2024 год. (вторник)
Објавата трае петнаесет (15) дена почнувајќи од 22.01.2024 год.(понеделник) до 06.02.2024 год. (вторник)
Документите се прикачуваат електронски на софтверот.
Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат со корисничкото име и шифра за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.
Подносителите на пријавите кои што нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат.
Јавното електронско наддавање ќе се одржи на интернет страницата www.e-stvari.mk.

вредноста на недвижната и движната ствар се намалува за 2% по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат, односно зголемуваат цената на недвижната и движната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од пет минути повторно нема понуда, вредноста на недвижната и движната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност. Намалувањето на вредноста на закупнината на предметот на закуп во текот на наддавањето може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

- За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за закуп на недвижната ствар.
- Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.
- Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата на сметка на Општина Велес во согласност со постигнатата крајна цена, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни и движни ствари.
- По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од пет работни дена по извршената уплата на постигнатата цена за добивање право за поставување на билборди и рекламни паноа, Градоначалник на Општина Велес склучува договор за добивање право за поставување на билборди и рекламни паноа. Договорот во рок од 30 дена се доставува кај нотар заради вршење на пренос на сопственоста, нотарските трошоци се обврска на закупувачот.
-Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното електронско наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното електронско наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.

Против, Решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Детални информации врзани за објавата можат да се добијат на телефоните: 043/232-406 локал 114.

Комисија за водење на постапка за поставување на билборди и рекламни паноа на територијата на град Велес

Број 02-428/2
18.01.2024 год.
Велес

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" 15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), член 80 и член 80-а од Законот за градење(Службен весник на РМ бр.130/09.....168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес(Службен гласник на Општина Велес бр.12/06,03/09,18/10,15/14, 15/18),

Советот на Општина Велес,седницата одржана на ден 27.11.2023 година донесе

**Програма за дополнување на**
**Програмата за поставување на урбана опрема на територијата**
**на Општина Велес**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.5/18,9/18 и 7/21),се врши следното дополнување:

- „Во Глава „Планирање и поставување", во точката „Билборди", после алинеја број 23 се додава нова алинеја која станува алинеја број 24 и гласи:

-„на улица „АСНОМ" на раскрсницата кај зградата на Општина Велес";

- „Алинејата број 32 „ Пред јаворот на спојот на улица „8-ми Септември" и улица „Страшо Пинџур" се брише.

-алинеја 24 станува алинеја 25 така редоследно до алинеја 31 која станува алинеја 32.

- Во Глава „Планирање и поставување", во точката „Рекламни паноа", пред зборот „рекламни паноа" се додава зборот „ Дигитални паметни ":
- Во Глава „Планирање и поставување", во точката „Дигитални паметни рекламни паноа", во алинејата 4 се додава само 3(три):

  4. На ул.8 ми Септември на потегот помеѓу поранешна Стоковна куќа и Комерцијална банка АД Скопје-Филијала Велес 3 (три)

  5. На ул. Алексо Демниевски Бауман, од лева страна под Младински парк- 2(два)

- Во Глава „Планирање и поставување",после точката „Рекламни паноа" се додава нова точка која гласи „ Дигитални паметни висечки рекламни паноа-поставени на канделабри" и зборовите „ Дигитални паметни висечки рекламни паноа кои ќе се поставуваат на канделабри, ќе бидат поставени на следните локации:

  1. На потег од трговски центар до кружен тек Авона ул.Благој Ѓорев од лева страна- 2(два);
  2. На ул.Благој Ѓорев од десна страна во близина на Драјв кафе- 1(еден);
  3. На ул.Благој Ѓорев од левата страна во близина на Жито Маркет - 1(еден);
  4. На ул.Благој Ѓорев од лева страна во близина на стоковна куќа Бос - 1(еден);
  5. На раскрсница помеѓу ул.Благој Ѓорев и ул.Оливер Китановски во близина на Гимназија Кочо Рацин -1(еден);

6. На мостот Ѓемичии од лева страна -2(два) и од десната страна -2(два);
7. На ул.Благој Ѓорев пред влезот на Гимназија Кочо Рацин од лева страна -1(еден);
8. На ул.Благој Ѓорев пред паркот кај Офицерски од лева страна -1(еден);
9. На ул.Алексо Демниевски Бауман во близина на Пензионерски дом од лева страна -1(еден);
10. На ул.Благој Ѓорев од лева страна во близина на тетарот -1(еден);
11. На ул.Страшо Пинџур од десна страна под Уни Банка -1(еден);
12. На ул.Благој Ѓорев од лева страна во близина на Паб -1(еден);
13. На ул.Благој Ѓорев од лева страна над Младински парк, спроти банкоматот на Тутунска банка -2(два);
14. На ул.Борис Трајковски од лева страна спроти трговски -1(еден);
15. На ул.Борис Трајковски од лева страна под книжара Пепелашка -1(еден);
16. На ул.Наум Наумовски Борче од лева страна пред паркингот кај Гимназија Кочо Рацин -1(еден);
17. Во триаголникот спроти градска пошта, на раскрсница на ул.Благој Ѓорев, ул.8-ми Септември и ул.Алексо Демниевски Бауман -1(еден);
18. На раскрсница ул. Благој Ѓорев со ул.Алексо Демниевски Бауман спроти триаголникот од лева страна -1(еден);
19. Ул.Благој Ѓорев од лева страна пред Гимназија Кочо Рацин -2(два);
20. На ул.8-ми Септември и ул.Илинденска од десна страна -1(еден);
21. На Стар Мост од лева страна -1(еден);
22. На Стар Мост од десна страна -1(еден);

Составен дел на Оваа програма е графички приказ на микролокациите за поставување на урбана опрема –билборди и рекламните паноа.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-4864/18
28.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за финансиски прашања;
-Одделение за урбанизам и
-Списи и архива.

**ПЛАНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ**
**-МИКРОЛОКАЦИИ**

Се планира простор за поставување на урбаната опрема на површина која претставува градежно изградено земјиште и уредено земјиштебез притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста насообраќајот.

Урбаната опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставување наурбанаопрема, кое го издава Градоначалникот на општината.

Урбаната опрема која се поставува пред деловни и други објекти се поставува на утврдена микролокација,дадена со графичкиотприлог со точно позиционирање на урбаната опрема кое е утврдено во Елаборат кој го одбрува посебна Комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

- **Билборди:**

1. На влезот во градот од Превалец и тоа спрема бензинската станица;
2. На ул. „Благој Ѓорев", во населба Тунел покрај игралиштето;
3. На ул. „Благој Ѓорев", пред пешачкиот мост кај населба Керамидна (пред површината на Касарна);
4. На ул. „Благој Ѓорев", зад споменикот на Панко Брашнар (спрема објектите на Касарната);
5. На тротоарот спрема крстосницата помеѓу ул. „Благој Ѓорев" и ул. „Наум Нумовски Борче";
6. На крстосницата помеѓу ул. „Благој Ѓорев" и ул. „Шефки Сали" и тоа на тревната површина кон Здравствен дом;
7. На ул. „Андон Шурков" пред училишниот двор на ССОУ„Коле Неделковски";
8. На јавниот паркинг под Саат кулата;
9. Во паркчето кај Мало мовче спрема јавниот паркинг под Саат кулата;

10. На ул.„Петре Прличко", до стар мост (кај паркингот);
11. На ул.„Петре Прличко", пред Автобуска станица;
12. На крстосницата помеѓу ул.„ Димитар Влахов" и ул.„Вера Циривири-Трена";
13. На ул.„Димитар Влахов", во малиот парк пред Железен мост;
14. На ул.„Димитар Влахов" (спроти "Алекс" во паркот);
15. Пред објектот на бензинската станица на Макпетрол (спрема Костурница);
16. На ул. „Алексо Демниевски-Бауман", на влезот во јавниот паркинг кај Ликовен салон;
17. На крстосницата помеѓу ул. „Наум Наумовски Борче" и ул. „Алексо Демниевски" по објектот на бензинската станица на Макпетрол кон Градскиот базен;
18. Во зелената површина на крстосницата помеѓу ул„Наум Наумовски Борче" и ул. „Алексо Демниевски" кон објектот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин";
19. Спрема дворот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин" до зградата на Државен Архив;
20. На оградата на надвозникот над Градскиот базен(од лева и десна страна);
21. На ул. „Андон Шурков", спроти бензинската станица на „Брако Петрол";
22. На крстосницата помеѓу ул. „Орце Мартинов" и ул.„Васил Ѓоргов";
23. На крстосницата помеѓу ул.„АСНОМ" и ул.„Борис Трајковски";
24. На крстосницата помеѓу ул.„АСНОМ" и ул.„Андон Шурков", спроти бензинската станица „Црна Река" (пре објектот на Скопска пивара);
25. На крстосницата помеѓу ул.„Андон Шурков" и ул.„Раштански Пат".
26. Во паркот пред зградата на Општина Велес;
27. На улица „Благој Ѓорев" пред фонтаната кај кружниот тек м.в„Авона".
28. Кај крстосницата со кружен тек кај м.в „ Авона" (од лева страна, гледајќи кон ул. „8 Велешка")
29. На улица „Благој Ѓорев" спроти стоковна куќа „Бос";
30. На крстосницата помеѓу ул „Благој Ѓорев" и ул. „Васил Ѓоргов"
31. На улица „Благој Ѓорев" спрема скалите на Здравствен дом (во близина на пошта)
32. Пред Јаворот на спојот на улица „8-ми Септември" и улица „Страшо Пинџур"
33. Во близина на Јаворот, пред зградата на Управа за Јавни приходи и Централен регистер;
34. Кај крстосницата со кружен тек, пред јавниот паркинг, на улица „8 Септември";
35. Кај крстосницата со кружен тек на улица „Илинденска";
36. На крстосницата помеѓу ул „Благој Ѓорев" и ул „Алексо Демниевски"
37. На ул „Борис Трајковски" во близина на споменикот Алексо Демниевски Бауман;
38. Пред објектот на бензинската станица на Макпетрол, на ул. „Димитар Влахов";
39. Влез од Автопат А1 „ВелесИсток" кон Речани (десна страна);
40. Во Речани кај базата на Македонија пат;
41. Кај ЕНМОН;
42. Кај бензинската станица „Башино Петрол";
43. Во нас. Шорка, кај игралиштето;
44. На ул. „Вардарска", спроти зградата на ЈП „Лисиче";
45. Лево од влезната врата во дворното место на СОУ Гимназија „Кочо Рацин"

-Кај трафостаница во Речани и
-Влез во Велес од Башино Село м.в.„Шорка" (десна страна).